Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-537/3
31-07-2024 година

Постапувајќи по претставките бр. 08–537/1 и 08-537/2 од 25.07.2024 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛААТ** претставките бр. 08-537/1 и 08-537/2 од 25.07.2024 година **поради неуредност.**

## Образложение

На 25.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација анонимно беа доставени две претставки заверени под бр. 08-537/1 и 08-537/2. Претставките се однесуваат за иста правна работа, односно се во врска со објавени два интерни огласи во Министерството за внатрешни работи, а во однос на нивно наводно неправилно спроведување.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот. Според став 2 од истиот член, доколку претставката не ги содржи елементите од ставот (1) на овој член или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше податоци за лицето кое ја поднесува претставката, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски